Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години

Број 476 | www.mchamber.mk | 10.12.2021




# ОТПОЧНАА СО ПРЕДАВАЊА ПРВИТЕ ШЕСТ МЕСЕЧНИ ОБУКИ ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ КОМПАНИИ

стр. 3

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ · EVN · vitaminka · NLB Banka · GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION

IGM trade · T · · · МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР · ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · Gulf

ПЕКАБЕСКО · euro Nickel INDUSTRIES · nextsense · VERO сè на едно место · КОЖУВЧАНКА · MERMERE Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

ComfyAngel · ОКТА · РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ

RADE KONČAR-TEP · A1 · seavus www.seavus.com · ZAN MITREV CLINIC

СЕМОС · CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ · HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна

scalefocus · ДЕ-НИ МЕБЕЛ · cargo-partner · Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин · SPARKASSE BANK · Ultra! · SMELT-ING Electro materials designing and installation

VEZESHARRI · LECKER · elektro SHARRI · SOCOTAB Leaf tobacco · Swisslion · AllianceOne




**Посетете : www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# ОТПОЧНААА СО ПРЕДАВАЊА ПРВИТЕ ШЕСТ МЕСЕЧНИ ОБУКИ ЗА БИЗНИС ЛИДЕРИ И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ КОМПАНИИ




Во Стопанската комора на Северна Македонија веќе неколку месеци функционира Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања како еден од останатите новоформирани Совети.

На 09.12.2021 година, Советот за високо образование и официјално започна со реализација на зацртаната агенда, односно започна со првите шест месечни обуки за Бизнис лидери и за Развој на мали и средни бизниси.

Првиот Модул од овие две програми се одржува на 9 и 10 декември 2021 година а останатите модули продолжуваат од следната година и ќе се одржуваат два пати во месецот/секој месец/ се до јуни 2022 година.

На Првата шестмесечна обука за Бизнис лидери учесници се 33 претставници од среден менаџмент на големи и средно големи компании од сите сектори. На нив ќе им предаваат 50 реномирани предавачи од бизнисот, науката и академијата распределени во 7 модули со над 60 теми. За Школата за развој на мали и средни бизниси на 18 слушатели од виш менаџмент од мали и средни компании ќе им предаваат 30 предавачи во 8 модули со над 50 теми. Сите предавања имаат менторски пристап со цел учење преку пракса, зголемување на вештините и многу интерактивност.

Со Програмата за поддршка на старт-ап-ите, активностите ќе започнат од крајот на јануари 2022 година.

Сите овие активности на Советот за високо образование во следниот период треба да се заокружат со подготовка на студија за извоз, платформа за извоз и на крај, со формирање на Институт за извоз.

На отворањето на обуките на кое присутни беа сите 50 слушатели од двете програми и предавачите од модул 1 од двете програми, претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески подвлече дека сите новоформирани совети нудат дополнителни услуги кои вон оние традиционалните што Комората ги нуди ќе направат нова додадена вредност на полето на образованието, извозот, новите технологии и инвестициите. Тој истакна дека овој пристап Комората го оствари не само со нашиот коморски кадар туку и со поддршка на нашите компании. Претседателот Азески беше и прв говорник во Модулот за Бизнис лидери и со учесниците ја сподели својата професионална и лична приказна на патот кон успехот.

Претседателот на Советот за високо образование и стратешки истражувања, д-р Глигор Бишев, истакна дека оваа активност на Комората претставува еден нов пристап кон создавање на додадена вредност во образованието. Тој подвлече дека со ваквиот начин на учење и збогатување на знаењата и вештините, претставниците од бизнисот не само што си помагаат на себе туку помагаат и на компанијата од каде доаѓаат но и на државата и економијата во целост. Клучен за развој и придвижување на сите процеси е човечкиот фактор, кој треба постојано да се надоградува.

д-р Ристо Јаневски, претседавач на Собранието на Комората и директор за стратешки развој на Окта кој воедно е ментор на Програмата за развој на мали и средни бизниси истакна дека сите програми нудат учење кое има многу интерактивност, вежби и пренесување на искуствата од пракса. Тој потенцираше и дека најважно од сите овие обуки е вмрежувањето кое сите учесници ќе го имаат и кое подоцна ќе им претставува една од најважните алатки за функционирање во работата.

Креаторите на овие програми и модули се 100-тина бизнисмени и претставници од научната и академската фела. Сите напорно работеа последните 2 месеци и направија резултат под палката на претседателот на Советот, д-р Глигор Бишев, потпретседателката на Комората и проектен менаџер за развој на советите д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, кои се и ментори на Школата за бизнис лидери, како и д-р Ристо Јаневски, претседавач на Собранието на Комората и директор за стратешки развој на Окта и м-р Антонета Манова Ставреска, експерт во Комората, кои се ментори на Школата за развој на мали и средни бизниси.

Потпретседателот на Комората д-р Јелисавета Георгиева Јовевска се заблагодари на сите чинители кои придонесоа овој процес успешно да започне, да се формира и да



се креира според потребите на компаниите. Таа потенцира дека овој концепт на обуки и овој Совет не е замена за високото образование туку претставува практичен начин и нов пристап во збогатување и зголемување на вештините на сите компании. Обуките се наменети за големите, за средните, за малите компании, но и за прв пат во коморското портфолио на активности Комората нуди програма за развој на старт-ап-и со кои се започнува веќе следниот месец. Во соработка со домашните институции и фондови Комората ќе помогне во развој на креирање на нова идеја која ќе прерасне во фирма. Беше истакнато дека само преку постојаната надоградба на знаењето ќе бидеме во чекор со европските и светските трендови, ќе можеме на тој начин да реагираме спремни на сите промени и ќе бидеме конкурентни на домашниот и странските пазари. За да имаме извоз ни треба образование, за да имаме инвестиции ни треба образование, за да имаме развој ни треба образование... Георгиева Јовевска, за следниот период исполнет со предизвици предизвикани од здравствено економската криза, посака главна преокупација на сите да ни биде образованието односно вложувањето во развојот на човечкиот фактор.

Присутните учесници на двете програми ги поздрави и заменик претседателот на Владата за економски прашања, Фатмир Битиќи кој пред сите ја повтори поддршката која Владата ја дава во насока на развој на клучните фактори за поголема конкурентност на компаниите, во конкретниот случај на развој на човечкиот фатор. Тој и честита на Стопанската комора на Северна Македонија за овој нов пристап за развој на компаниите посебно и поради фактот што во програмите за обука се вклучени и малите компании, а од следниот месец ќе бидат поддржани и старт ап-ите. Со тоа истакна тој, "Комората на иднината" е пример како да се биде чекор со сите најнови случувања и на полето на едукацијата и на полето на дигитализацијата. Заменик претседателот Битиќи ја искористи приликата уште еднаш да и ја честита наградата на Стопанската комора која неодамна ја доби од WTO, ICC и ITC за дигитален шампион за 2021 година.

# ЦЕФТА го претстави Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги пред македонските стопанственици




Секретаријатот на ЦЕФТА во соработка со Коморскиот инвестициски форум и Стопанската комора на Северна Македонија, организираа работилница за ЦЕФТА Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги , со акцент на тоа какви придобивки носи протоколот за македонската економија и за регионот и како може да придонесе за поуспешно создавање на заеднички регионален пазар на Западен Балкан.

Дополнителниот протокол 6 обезбедува сеопфатна рамка за трговија со услуги во регионот и се заснова на Општиот договор за трговија со услуги (ГАТС). Протоколот особено се фокусира на ограничувањата за пристап до пазарот и ограничувањата поврзани со дискриминација на странски компании против домашни. Во повеќе од 100 различни сектори, страните на ЦЕФТА се обврзаа да не воведат, или доколку веќе постојат да ги отстранат, ограничувањата за пристап на пазарот, како и да обезбедат ист третман за домашните даватели на услуги и оние од другите страни потписнички на ЦЕФТА договорот. Покрај овие одредби, Протоколот обезбедува рамка за работа на понатамошно отстранување на бариерите, особено во чувствителните областите на економијата како што се: лиценци, дозволи, професионални квалификации.

Во оваа насока, Протоколот воведува обврска за отстранување на ограничувањата на трговијата со услуги и дава гаранција дека нема да се воведат ограничувања во иднина меѓу страните на договорот ЦЕФТА, што е особено корисно:

• за бизнисмени кои ги нудат своите услуги на потрошувачите на други пазари на ЦЕФТА, без физичко присуство,

• за потрошувачот да добие услуга кога патува од едната во друга ЦЕФТА страна,

• Кога услугата се обезбедува преку подружница или претставништво на друг пазар на ЦЕФТА,

• Кога поединци привремено се испраќаат од еден на друг ЦЕФТА пазар за да ја испорачаат услугата.

„Благодарение на дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги (ДП6), системот за слободна трговија во ЦЕФТА договорот е подобрен, кој сега е проширен и во услужниот сектор. Протоколот во принцип ги обврзува Страните да не наметнуваат ограничувања за пристапот на пазарот и да ги третираат компаниите од другите страни во договорот ЦЕФТА како домашни. Дополнително, Протоколот отвора можности за отстранување на конкретни бариери во иднина. Сметаме дека оваа мерка ќе придонесе за зајакнување на економската соработка и создавање заеднички пазар на Западен Балкан, а со тоа директно ќе ги подобри деловните услови за сите бизниси во регионот", изјави Здравко Илиќ, експерт за трговија со услуги, од Секретаријатот на ЦЕФТА.

„Намалените бариери значат зголемена доверба, отворени врати за поголема соработка, повеќе заеднички потфати и проекти низ целиот регион. Во процесот на креирањето на заедничкиот регионален пазар, кој во суштина треба да обезбеди слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал низ целиот регион, Протоколот адресира прашања кои се од суштествено значење, и бизнис заедницата од регионот со нетрпение ја очекува неговата целосна имплементација. Во иста насока се и дел од активностите кои Коморскиот инвестициски форум, со поддршка на ЕУ, ги покренува кон компаниите од регионот – овие активности вклучуваат мапирање на добавувачите на услуги од регионот на Западен Балкан со цел нивно вклучување во регионалните ланци на снабдување, како и функционалностите на двете датабази кои се изготвуваат (Market access and Market Intelligence Database) кои за компаниите треба да го олеснат наоѓањето на информации за пристап до некој од другите пазари од регионот, вмрежувањето со нови партнери и заедничкото учество на настани" изјави д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум.ЦЕФТА (Централноевропски договор за слободна трговија, ЦЕФТА) е регионален трговски договор кој значително ја подобри и поттикна трговијата на Западен Балкан, делувајќи како катализатор за иницијативи насочени кон продлабочување на економската соработка и создавање заеднички пазар во овој регион.

ЦЕФТА Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги беше усвоен во 2019 година и стапи на сила на 11 јануари 2021 година. Овој документ го прошири принципот на слободна трговија во рамките на ЦЕФТА и на услужниот сектор.


E-LEARNING
video
example
software
easily
time
participant
information
electronic
teaching
courses
term online
education
social
content
objects
assessment
student
online
web
example
knowledge
computers
software
support
virtual
electronic
system
work
cost
internet
elearning
example
assessment
classroom
system
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
07.12.2021

# Хемиски штетности, влијание врз здравје и ризици на работно место, со посебен осврт на превентивните и корективни мерки при користење на технички и медицински гасови

Многу занимања ја вклучуваат употребата и/или производстото генерацијата на хемиски супстанци кои можат да бидат штетни за здравјето на професионално изложените работници. Спектарот на ефектите врз здравјето се движи од релативно благи симптоми до сериозни оштетувања и болести, од кои некои завршуваат со траен инвалидитет, неспособност за работа, па дури и смрт.

Ефективното управување со професионалните ризиците на работните места при изложеност на хемиски супстанци е клучно за креирање на здрави работни места, превенција на професионалните болести и унапредување на здравјето на работниците. Ваков пристап претставува придобивка не само за компаниите и нивните работодавачи, туку и за работниците и целата заедница. Законот за безбедност и здравје на работа, како и Правилникот за  минимални барања за безбедност и здрваје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци се основните алатки со кои се дефинираат правата и обврските на сите засегнати страни во процесот за управување со ризиците предизвикани од хемиски супстанци. Нивната практична имплементацијата бара соодветна инфраструктура, но и соодветно знаење и искуство на професионалците кои работат во оваа област. Тоа знаење и искуство тие треба да го вградат во хиерархијата на превентивни мерки, што треба да овозможи минимизирање и/или елиминирање на веројатноста за професионална изложеност на хемиски супстанци и нивно штетно влијание врз здравјето и работната способност на професионално експонираните работници.

**Предавачи:**

1.Проф.Др Елисавета Стикова  – ЈЗУ Институт за јавно здраве,

2.Дејан Димзовски, Дипл. Маш. инж., ТГС “ Технички гасови “

3.Марија Сарамџиевска и Марина В. Ковачевска , Дворник ДОО Производство и продажба на лична заштитна опрема

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Семинар**
**14.12.2021**

# Управување со медицински отпад

Стопанската комора на Северна Македонија, на 14 декември 2021 година, организира еднодневна онлајн семинар на тема: „Управување со медицински отпад“.

На онлајн семинарот ќе биде детално и практично разгледани актуелните законски измени, почнувајќи од условите и методите за неговото спроведување, сé до последователните дејствија и практичната примена на истиот. Особен акцент ќе се стави на информирање на слушателите за важноста на подготовката и примената на процедурите. На семинарот ќе има интерактивен пристап и ќе понуди практични одговори на прашањата на слушателите и ќе овозможи тие да се стекнат со вештини за правилно да ги применуваат законските одредби од оваа област.

ПРОГРАМА:

- Управување со медицински отпад
- Законска регулатива;
- Дел од регулативата која го регулира управувањето и третманот на медицинскиот отпад;
- Структура и класификација на медицинскиот отпад.
- Фази(процеси) на оправување со медицински отпад
- Безбедно управување со медицински отпад;
- Упатство за управување со медицински отпад.

**Предавач:**

- доц. д-р Миле Јакимовски - национален координатор на стратегијата за управување со медицински отпад и поранешен директор на Управата за животна средина при министерството за животна средина и просторно планирање.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Семинар
15.12.2021

# Напреден Ексел за анализа на продажбата со пивот табели и “живи“ графикони

Цел и придобивки:

Бенефиции за вас и вашата организација:

- На компаниите им требаат извештаи од кои јасно се гледаат резултатите од работењето.

Како истите да се создадат брзо и ефективно? Како истите да бидат прегледни и разбирливи?

Како да станете експерт за подготовка на извештаи?

- Тоа е можно со користење на напреден Excel. Сепак, само 1% од вработените во една компанија

имале било каков вид на обука за работа во Excel;

- Овој тренинг објаснува напредни техники за анализа на продажбата во Excel, со практични примери од бизнисот.

Според мислењето на учесниците, по тренингот нивната работа се забрзала и до 10 пати!

- Примерите кои се користат се исклучиво од пракса.

Клучни карактеристики на тренингот:

- Работа на практични примери (продажба);
- Фокусиран, интензивен тренинг во еден ден;
- Напредни техники во Excel.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Семинар**
**16.12.2021**

## Задолжително заклучување - затварање на деловодник, подготовка на овластувања за работа во писарницата за наредна година, подготовка и собирање на списите за враќање во писарница согласно законската регулатива и нивно складирање

Целта на„онлајн" семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на затварање на деловодник поради завршување на тековна година, подготовка на овластувања за вработените кои се распоредени во писарница и архива, подготовка и составување на записници за враќање на документите во писарница и нивно средување во архивски кутии и сложување во архива, поврзување на броеви кои заостанале од минатата година незавршени или не одговорени и слични проблематики кои би произлегле во текот на работењето.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Саем 28.02.2022 - 02.03.2022**

# Саем 28.02.2022 - 02.03.2022 Саемска манифестација: „Internatonal Food and Drink Event (IFE)“ Лондон,




Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

Предности зошто да учествувате на саемот

**Учество на 1000 малопродажни купувачи**.

**Сериозност во деловните потфати**.

**Седум настапи во еден**.

**IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија**.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од обласа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ  АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :
- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99
години
Основана 1922

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088